ССНМ



# АНАЛИЗА НА ИНФОРМАТИВНАТА ПОКРИЕНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА

## ЕДНА ЧЕТВРТИНА ОД ГРАЃАНИТЕ ЖИВЕАТ ВО МЕДИУМСКИ ПУСТИНИ

Орданче Костов

Наслов:
Анализа на информативната покриеност во Македонија - Една четвртина од граѓаните живеат во медиумски пустини

Издавач:
Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

Автор:
Орданче Костов

Скопје, декември 2024

Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Градење моќ за демократски права, слобода на медиумите и пристојна работа“ финансиран од Union to Union и Меѓународната федерација на новинари, а спроведуван од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници.

# ВОВЕД

Локалните медиуми, локалните стории и вестите на заедницата играат поголема демократска улога во споредба со националните медиуми поради блискиот однос кој го воспоставуваат со луѓето од општините и малите региони.

Локалните новинари и медиуми известувајќи за локалните проблеми на граѓаните градат мостови во заедницата и градат доверба со оригинални стории во кои се дава поголема важност за проблемите во заедницата и притоа се гради поголема отпорност против дезинформациите.

Покрај тоа локалните медиуми покриваат прашања како локална политика и други важни информации кои не се доволно застапени во националните медиуми.

Сепак, локалниот медиумски сектор во Македонија е во длабока криза и локалните медиуми полека исчезнуваат со што одредени региони во земјава станаа медиумски пустини, односно градови или општини во кои воопшто нема вести за и од заедницата.

Новинска или медиумска пустина се однесува на географска област каде што локалното покривање на вестите е ограничено или непостоечко. Овие области немаат доволно информативни ресурси, како што се локални весници, радио-станици или телевизиски вести, што резултира со недоволно опслужување на заедницата во однос на релевантни, веродостојни вести и информации. Медиумските пустини се појавија особено во руралните или економски загрозените области, каде што националните медиумски организации ги затворија или ги намалија операциите поради финансиски потешкотии, како што се падот на приходите од реклами и порастот на дигиталните медиуми.

Феноменот на медиумски пустини (региони без локални вести) е елабориран за прв пат во САД од медиумски аналитичари и академици со цел да се разјасни исчезнувањето на медиумите на локално ниво.

Тие ја дефинираат медиумската пустина како населено место без ниту еден локален дневен весник, а ако македонскиот медиумски простор се дефинира според оваа теорија, тогаш освен Скопје и Битола, сите останати населени места во земјава ќе припаднат во категоријата медиумски пустини.

Статистиката во САД за 2023 година вели дека денеска во споредба од пред две децении има 3.000 весници помалку, а бројката на новинари што работат во печатени медиуми се намалила за 43.000.

Пред 20 години во САД вкупниот тираж на весници бил над 50 милиони примероци, а денес е пет пати помалку, односно нешто над 10 милиони.

Весниците во САД умираат со огромна брзина – повеќе од два дневни весници ги снемува од пазарот на секои седум дена.

Во повеќе од 225 округи нема ниту еден весник, а во повеќе од 1.500 округи има само по еден весник и тоа е најчесто неделник, а не дневно издание.

## Сè повеќе медиумски пустини и во Европа

Слична ситуација е забележана и во Европската Унија како што покажува првото компаративно истражување за медиумските пустини на европско тло насловено „Откривање на медиумските пустини во Европа: Ризици и можности за локалните медиуми во ЕУ“.

„Медиумските пустини се географски или административни области или општествени заедници каде што е тешко или невозможно да се добијат доволно разновидни и веродостојни информации од независни локални, регионални медиуми или медиуми ориентирани кон заедницата, односно медиуми на граѓанското општество“, истакна Тијана Благојев, една од авторите сеопфатното компаративно истражување за состојбата на локалните медиуми во сите земји-членки на ЕУ.

Студијата на Центарот за медиумски плурализам и медиумски слободи (CMPF) го анализира феноменот на медиумски пустини, таканаречени „News deserts“.

Истражувачи од сите 27 земји-членки на ЕУ, ги оценија ризиците врз основа на 55 варијабли поврзани со условите на локалниот медиумски пазар; со безбедност и услови за работа на локалните новинари, уредувачка независност на локалните медиуми и социјална вклученост.

Најголеми проблеми кои се детектирани се намалените приходи и пристрасното распределување на државното рекламирање и субвенциите за локалните медиуми.

Студијата открива дека намалувањето на бројот на локални новинари - тренд кој е широко распространет низ ЕУ произлегува од растечката тенденција за централизирање на редакциите во главните градови и распространетоста на таканареченото канцелариско новинарство. Истражувачите детектирале незадоволителни услови за работа на локалните новинари, особено оние кои работат хонорарно и самовработените новинари, а онлајн нападите насочени

против нив се во пораст.

Извештајот препорачува јавните институции да обезбедат поголема финансиска поддршка за локалните редакции и новинарите во заедницата и да воспостават регулаторна рамка која ќе овозможи успешен локален медиумски пејзаж. На пример, треба да има јасни дефиниции за локални медиуми и медиуми на заедницата за да се гарантира институционалната поддршка.

Покрај тоа, треба да се гарантираат пристојни работни услови за локалните новинари. Студијата им препорачува на новинарските организации да ги поддржат новинарите професионалци кои работат во најоддалечените области на земјите-членки на ЕУ, за да гарантираат подобри услови за работа и поддршка во случај на злонамерни тужби.

Студијата, исто така, препорачува локалните медиумски компании да бидат потранспарентни за нивната сопственост и приходи и да имплементираат стандарди за саморегулација за да се спречат политички и економски притисоци врз уредувачката содржина. Тие се охрабруваат да станат повеќе ангажирани во интеракција со својата публика за да ги задоволат клучните информативни потреби на заедниците што ги покриваат.

„Независните локални медиуми се столбот на професионалното и независното новинарство. Оваа студија, прва од ваков вид во Европа, која детално ја опишува состојбата на медиумските пустини, покажува дека повеќе не можеме да ја игнорираме оваа алармантна ситуација со која се соочуваат локалните медиуми и демократијата воопшто. Ниту една земја не е имуна од „дезертификација (опустување) на вестите“ освен ако не се преземат итни и иновативни активности за поддршка на локалните новинари и медиуми“, рече Ренате Шредер, директорка на Европската федерација на новинари (ЕФН).

## КАКО СЕ СОЗДАВААТ МЕДИУМСКИ ПУСТИНИ?

Како се создаваат медиумските пустини? Рецептот е едноставен: селективно финансирање на медиумите, несоработка на локалната самоуправа со локалните медиуми и бројни соопштенија со пофалби за животот на граѓаните во општинските средини. Во вакви средини забележливо е дека граѓаните се слабо информирани за проблемите во нивната заедница бидејќи најголемиот дел од медиумите се финансирани со помош на општините и поради тоа

известуваат еднострано и исклучиво во корист на локалната самоуправа.

## Причини за создавање на пустини

**- Големиот пад на локалните весници и радио станици:** Многу локални весници и локални радио станици беа принудени да затворат поради финансиски тешкотии, што доведе до помалку новинари и помалку покривање на локални настани и отворање на прашања.

**- Централизација на медиумите:** Големите медиумски компании често ги откупуваат локалните новински организации, но наместо да одржуваат стабилно локално известување, тие го централизираат производството на содржина, намалувајќи ја покриеноста на локалните вести.

**- Преминување на дигитални медиуми:** Преминот од печатени кон дигитални медиуми ги наруши традиционалните модели на приходи за локалните медиуми, особено затоа што со дигиталното рекламирање сè повеќе доминираат технолошките гиганти како Гугл и Фејсбук.

**- Економска борба на заедниците:** Во заедниците со ниски приходи или во руралните заедници, може да има помалку ресурси за поддршка на локалните медиуми, што го влошува проблемот бидејќи новинските организации не можат да се одржат во овие места.

## Последици од медиумските пустини

**- Недостаток на локална отчетност:** Без новинари за известување за работата на локалните власти или бизниси, овие ентитети можеби нема да бидат одговорни за своите постапки, што ќе доведе до корупција или лошо владеење.

**- Дезинформации и недоверба:** Кога нема локални вести, жителите може да се информираат од социјалните медиуми или несигурни извори на информации, со што се зголемува ширењето на дезинформации и слабее довербата во веродостојните вести.

**- Намален граѓански ангажман:** Без локални вести може да дојде до намалување на граѓанскиот ангажман, бидејќи жителите стануваат помалку информирани за локалните прашања, изборите и настаните во заедницата.

**- Ослаба демократија:** Силен локален печат е од суштинско значење за информирано граѓанство и правилно функционирање на демократијата. Во областите без локално новинарство, на граѓаните може да им недостасуваат потребните информации за ефективно учество во демократските процеси.

Во ера на нови технологии, особено на вештачката интелигенција и неконвенционалните комуникациски канали, локалните медиуми и новинарите од малите средини се соочуваат со цела низа предизвици.

Често пати немаат доволно финансиски средства, кубурат со кадар и се изложени на поголем број на притисоци кои директно се чувствуваат на локално ниво, што локалните медиуми ги става во неповолна положба.

Коавторката на анализата за медиумски пустини во ЕУ, Благојев вели дека еден од главните проблеми е немањето јасна дефиниција на локалните медиуми бидејќи тие различно се сфаќаат во различни структури и се различни од земја до земја.

Како примери таа ги наведе Малта, Луксембург и Кипар каде локалните и националните медиуми се преклопуваат во известувањето.

Благојев како еден од сериозните проблеми го наведува отсуството или недостапноста на финансиските податоци за локалните медиумски пазари, а понекогаш овој недостаток е проследен и со отсуство на податоци за гледаноста, слушаноста или читаноста.

Таа забележа дека главни градови како Даблин и Рига имаат одредени предградија кои претставуваат медиумски пустини бидејќи нема соодветни извори на информации за локалните жители, додека Австрија и Данска се земји во кои моментално нема медиумски пустини, иако и таму постојат сериозни ризици од нивно создавање.

## НЕМА ЛОКАЛНИ МЕДИУМИ, НЕМА ЛОКАЛНИ ПРИКАЗНИ

Медиумските пустини се загрижувачки феномен и во Македонија, посебно на неколку географски локации во источниот, јужниот и северозападниот дел на земјата каде што граѓаните во неколку општини имаат тешкотии или воопшто немаат можност да пристапат до релевантни информации од локален карактер.

Граѓаните најчесто се информираат од националната телевизија МРТВ или од петте комерцијални национални телевизии, од неколку дневни весници, неколку национални радија и поголемите онлајн медиуми.

Но, информациите кои ги добиваат не се однесуваат, односно не ги опфаќаат локалните проблеми или информации за работата на локалната самоуправа или други локални случувања од јавен интерес.

Големите медиуми, без разлика дали се традиционални или дигитални, се концентрирани само во Скопје и известуваат најмногу за теми кои се од национален интерес. Локалните проблеми, вести или истражувања се

предмет на големите медиуми само ако тоа е во контекст на пошироката слика во сторијата или, пак, истражувањето ги однело до компанија или институција која работи на локално ниво.

Државниот сервис МРТВ и националната новинска агенција МИА имаат свои широко распространети дописнички мрежи, но кратењето на трошоците во двете куќи најмногу ги погоди дописниците и тие имаат дописници само во неколку поголеми градови надвор од Скопје.

Сепак, дописниците повеќе известуваат од настани кои се од национално значење како посета на премиер во некоја локална компанија, наместо да се фокусираат на локалните стории кои по теорија се од витално значење за информирањето на локалната заедница.

Општ заклучок е дека локалните приказни исчезнуваат поради исчезнувањето на локалните медиуми, а локални новинари има сѐ помалку. Репортери надвор од Скопје можат да се најдат во поголеми градови како Куманово, Велес, Битола, Прилеп, Охрид, Тетово, Штип и Струмица, но не и во мали места како Македонска Каменица, Делчево, Македонски брод, Гевгелија, Валандово, Крива Паланка или Демир Капија.

Освен што нема локални медиуми поради малиот пазар, националните медиуми не гледаат интерес да ги покриваат овие теми.

## КАКВА Е СИТУАЦИЈАТА ВО СОСЕДСТВОТО

**Како е во соседството?** Анализата на медиумски пустини во земјите на ЕУ покажува дека терминот „медиумски пустини" во Бугарија не се користи во јавната дебата за состојбата на медиумите во оваа земја, иако новинарските организации честопати дебатираат за проблемите во локалниот медиумски сектор.

Сепак, кај источниот сосед нема дискусија насочена кон промовирање на политички мерки за подобрување на состојбата на локалните и регионалните медиуми. Бугарското законодавство не дава јасни дефиниции за регионалните, локалните и медиумите на заедницата.

Североисточниот регион е област со најмал број на локални и регионални медиуми во земјата. Областа Разград во северноцентралниот регион на Бугарија има само четири локални и регионални медиуми.

Најмногу лишени од локални вести се заедниците во приградските области (многу висок ризик) а потоа следуваат руралните области (висок ризик) во

однос на пристапот до локални вести.

Третиот по големина град во Бугарија, Варна нема повеќе локален дневен весник по затворањето на Черно Море во април 2020 година.

Бугарија не дава конкретна поддршка за локалните и регионалните медиуми преку субвенции, освен за јавните сервиси. Во недостаток на комерцијални приходи, на човечки ресурси и со застарена опрема, поголемиот дел од локалните медиуми зависат од буџетите на општините за медиумски услуги и од буџетите за објавување на проекти на ЕУ што се спроведуваат на локално и на регионално ниво.

**Каква е ситуацијата во Србија?** Во Србија има околу 2.500 медиуми, а една третина од нив се локални медиуми, но оваа бројка не говори за плурализмот на медиумите ниту за вистинската состојба на информираноста на граѓаните во Србија, вели Снежана Милошевиќ, генерален секретар на Здружението на локални независни медиуми.

„За време на приватизацијата на медиумите и во последните 10 години се создаде посебна линија на медиуми кои се многу блиски до владејачката партија по сопственичка структура и/или уредувачка политика. Ова во голема мера ја загрозува информираноста на граѓаните бидејќи има се помалку независни медиуми кои пренесуваат информации за тоа што всушност се случува на локалното ниво. Многу често сме сведоци дека одредени информации се кријат од самите граѓани, дури и кога е евидентно дека се случиле", рече Милошевиќ.

Според неа, најголема опасност за создавање медиумски пустини е еднообразноста на политичките интереси во медиумите.

Кога станува збор за безбедноста на новинарите во локалните медиуми, Милошевиќ наведува дека главни проблеми се различните видови притисоци - административни по природа, притисокот врз членовите на семејството кои работат во државните институции, но и недостапноста на одредени информации.

Друг проблем е проектното кофинансирање на локалните медиуми, што е главен извор на финансирање за многу од нив. Кога не сакаат да пренесат информација што се промовира од владејачката партија, медиумите се казнуваат.

„Евидентно е дека медиумите кои се блиски до власта добиваат поголем дел од локалните буџети за информирање на граѓаните, без разлика на квалитетот и ефективноста на нивните проекти", вели генералниот секретар на Локал прес.

Друг тренд е купувањето независни медиуми во кои граѓаните имаат

одредена доверба, продолжува Милошевиќ. Само некои од примерите се купеното радио „Рубин"и весникот „Град" во Крушевац. Нивниот нов сопственик, како што тврди Милошевиќ, е човек кој припаѓа на владејачката партија.

Има и новинари кои не прифаќаат такви притисоци и одлучуваат да отворат свој медиум. Но, тука се појавуваат нови проблеми - овие медиуми се економски слаби, немаат пристап до финансиски средства од јавните буџети или донатори.

Финансиите на локалните медиуми дополнително се комплицираат поради малите локални пазари каде што рекламните и информативните услуги не се доволно застапени. Затоа Милошевиќ ги смета новинарите во локалните медиуми за ентузијасти кои ги одржуваат живи сопствените медиуми на своја сметка.

Милошевиќ подвлекува дека е многу важно да се спроведе слична студија во Србија за да се добие прецизна слика за состојбата на локалните медиуми.

Според анализата „Откривање на медиумските пустини во Европа: Ризици и можности за локалните медиуми во ЕУ", најзагрозени се локалните медиуми во Романија. Во 2008 година имало 54 локални весници. Десет години подоцна бројката паднала на 12, а во 2023 година имало само два локални печатени медиуми.

Во Хрватска ситуацијата е малку подобра, па во 2019 година имало девет локални печатени медиуми што ги покривале руралните средини. Сепак, најзастапени се локалните и регионалните радија.

Во Бугарија, вкупниот број регионални весници е намален во текот на изминатите 5 години: 127 во 2018 година, 113 во 2019 година, 111 во 2020 година, 106 во 2021 година и 100 во 2022 година.

# АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА МЕДИУМИ ВО МАКЕДОНИЈА

Каква е ситуацијата во Македонија со локалните и регионалните весници, радио и ТВ станици? Секоја година се намалува бројот на регионални и локални медиуми, но во последните десет години ситуацијата е алармантна. Од 2014 година наваму, според податоците од Регистрите на АВМУ, избришани се 26 печатени медиуми и 21 радио, а само во текот на 2024 година престанаа да важат дозволите на шест радиодифузери.

## Печатени медиуми

Трендот на опаѓање или исчезнување на печатот во Македонија е сличен како и во останатиот дел од светот. Според Регистарот на издавачи на печатени медиуми на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во земјава има само 21 печатен медиум.

Најголем дел се концентрирани во Скопје, и тоа 18, а единствени три други места каде што има печатен медиум се Битола, Прилеп и Штип со изданијата на „Битолски весник", „Зенит" и „Штипски глас", кои се неделници и понекогаш не се печатат.

Ако се суди според американскиот модел на дефинирање на медиумската пустина како населено место без ниту еден локален дневен весник, тогаш освен Скопје, сите останати населени места во земјава може да се вметнат во категоријата медиумски пустини бидејќи немаат ниту еден дневен весник.

## Радио станици

Според Регистарот на радиодифузери што емитуваат радиопрограма, а го изготвува АВМУ, во земјава има 67 радиостаници, од нив три канали или сервиси на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија Скопје.

Седум радија емитуваат програма на цела територија на Република Северна Македонија: Македонско радио прв програмски сервис, Македонско радио втор програмски сервис, Македонско радио трет програмски сервис (програми на јазиците), Радио Канал 77, Антена 5, Метрополис и Јон Радио Струга.

Според Регистарот, 17 станици емитуваат програма на регионално ниво и 43 на локално ниво.

## Телевизии

Според Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година на АВМУ, во Македонија покрај Македонската радио-телевизија има уште 43 комерцијални телевизии – пет терестријални телевизии на државно ниво, шест телевизии што емитуваат програма преку неограничен ресурс на ниво на целата држава, на регионално ниво постојат 17 телевизии и 15 телевизии емитуваат на локално ниво.

„Вкупниот број на радиодифузери кои на почетокот од 2023 година имаа дозвола да емитуваат телевизиска или радиопрограма изнесуваше 107, од кои 43 телевизии и 64 радиостаници. Во текот на годината престанаа да важат дозволите на шест радиодифузери. Телевизиите Кисс&Менада и Здравкин, и радиостаницата Скај радио Плус се откажаа од дозволите, додека дозволите

на ТВ Ирис, ТВ Полог и на РА Универзум (на коешто дозволата му беше доделена истата година) им беа одземени од страна на Агенцијата. Во 2023 година Агенцијата додели една дозвола за телевизиско емитување на регионално ниво (на ТВ Вистел). Вкупниот број на радиодифузери на крајот од годината изнесувал 103 – 40 телевизии и 63 радија", се вели во Анализата на пазарот на АВМУ.

# ЛОКАЛНОТО НОВИНАРСТВО Е НА ИЗУМИРАЊЕ

Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и Институтот РЕСИС во текот на 2023 година спроведоа повеќемесечно истражување за да се избројат новинарите и медиумските работници, но и да се види каков е социо-економскиот статус на вработените во фелата.

Во медиумите во Македонија работат околу 2.100 луѓе, распоредени на 3.146 работни позиции, покажа повеќемесечното истражување спроведено во текот на 2023 година „Професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници", што заеднички го објавија Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и Институтот РЕСИС.

Според наодите од истражувањето, главни проблеми во медиумите се ниските плати, стресот во работата и непочитувањето на некои од основните работнички права кои се гарантирани со Законот за работните односи. Исто така, беше јасно идентификувано дека во локалните и регионалните телевизии и радија постојано се намалува бројот на вработени и дека новинарите се маргинално застапени.

Еден од најзагрижувачките наоди е тоа дека околу половина од новинарите и 70% од медиумските работници имаат примања под просечната месечна плата (37.065 денари, мај-октомври 2023), што потврдува дека новинарството е слабо платена професија, што ги прави новинарите ранливи и подложни на различни влијанија. Ова значи дека, и покрај законските гаранции за слободата на медиумите и на новинарите, без нивна стабилна и поволна социо-економска состојба тешко ќе се постигне професионално и објективно новинарство.

Од вкупно попишаните 240 работни позиции кај локалните и регионалните ТВ станици, 58% се хонорарни позиции. Од попишаните 139 новинарски работни позиции кај локалните и регионалните ТВ станици, 61% се хонорарни позиции.

Во вкупно 32 локални и регионални ТВ станици редовно се вработени само 54 новинари. За овој супсектор е потребна нова стратегиска рамка и нова регулаторна политика бидејќи тој е на изумирање и отвора ризици за работничките права на новинарите.

Секоја локална или регионална ТВ станица вработува во просек по 1,69 новинари. Од вкупно попишаните 252 работни позиции кај локалните и регионалните радио-станици, 60,7% се хонорарни позиции.

Од попишаните 177 новинарски работни позиции кај локалните и регионалните радио-станици, 63,28% се хонорарни позиции.

Во вкупно 62 локални и регионални радио-станици редовно се вработени само 65 новинари. За овој супсектор е потребна нова стратегиска рамка и нова регулаторна политика бидејќи тој е на изумирање и отвора ризици за работничките права на новинарите.

Секоја локална или регионална радио-станица вработува во просек по 1,05 новинари, се некои од главните наоди за социо-економската ситуација на новинарите во Македонија, меѓу нив и медиумските работници кои известуваат од локалните заедници.

# КАДЕ СЕ МЕДИУМСКИТЕ ПУСТИНИ ВО МАКЕДОНИЈА?

„Ако локалните заедници кои живеат во медиумските пустини (региони без локални вести) се гладни за веродостојни, точни и доверливи информации, тогаш заедниците што живеат во фатаморгана од вести се гостат со информации што изгледаат како веродостојни, но воопшто не се вести“, напиша Сиси Веи, главна уредничка на „The Markup“ во својата анализа за медиумските пустини.

Ова ја илустрира и ситуацијата во Македонија. Има места во кои нема ниту еден новинар, или пак, медиум и граѓаните се гладни за точни информации. Но, во недостиг на вести за локалната заедница тие мора да се информираат од социјалните мрежи, а таму во морето на информации има и премногу дезинформации.

Од истражувањето кое го спроведовме за потребите на анализата, може да се заклучи дека медиумски пустини се помалите градови и општини во Македонија како Богданци, Валандово, Демир Хисар, Македонска Каменица, Македонски Брод, Крива Паланка, Кратово, Демир Капија, Виница, Пехчево,

Свети Николе, Ресен... Во нив речиси и да не постојат ниту традиционални, ниту онлајн медиуми, а истите заедници се соочуваат и со сериозни демографски проблеми – стареење на населението и миграција.

При подготовката на оваа анализа во текот на ноември, проверката на Гугл напишете за вести од Кратово покажа дека најновата информација за овој град е стара две недели. Од вкупно четири наслови од медиуми, три беа постари од еден месец и сите се однесуваат на вести од црната хроника: обвинение за убиство, сообраќајна несреќа и каснување од куче.

Нема ниту една вест за тоа што направила локалната власт, ниту една сервисна општинска информација и ниту една локална сторија за проблем во заедницата.

Слични резултати покажа и проверката на вести за Македонска Каменица, при што излегоа 4-5 наслови. Меѓу нив е вест поврзана со проект на општината, како и информација за посетата на премиерот Христијан Мицкоски на Каменица и Берово. Сите вести се објавени на новинската агенција МИА и на неколку национални онлајн медиуми.

Пребарувањето за Пехчево, покажа дека две од четирите нови вести поврзани со локалната заедница се информации за големиот пожар во околината на општината кој го зафати регионот помеѓу 30 јули и 13 август. И двете вести биле објавени на национални портали и телевизии.

Во незавидна ситуација се и граѓаните на Свети Николе кои повеќе се информираат за вести од црната хроника и сообраќајни несреќи кои се случуваат на автопатот кој минува покрај нивниот град, а не може да се прочита локална сторија ниту за неодамнешните пожари.

Медиуми и новинари нема ниту во Богданци, а информациите од таму ги пренесуваат дописниците на МИА од Струмица и Гевгелија. Вестите се најчесто од црната хроника.

За Демир Хисар и Ресен може да се прочита вест ако се случила сообраќајна несреќа, а ако пребарувате „Македонски Брод“ ќе ви се појават сите вести поврзани со пожарите во општината кои ги споделуваше Центарот за управување со кризи, а ги објавуваа национални медиуми.

Заклучок е дека во отсуство на локални медиуми, вестите за или од заедницата, се сведени на црна хроника и посети на политичари од власта, а не на стории поврзани со проблемите на жителите во населените места.

# ПОВЕЌЕ ОД ЕДНА ЧЕТВРТИНА ОД НАСЕЛЕНИЕТО ЖИВЕЕ ВО МЕДИУМСКА ПУСТИНА

Според вкупниот број на жители во горенаведените градови и населени места, над 110 илјади жители не добиваат информации поврзани со проблемите во нивната заедница, односно живеат во медиумска пустина.

Република Северна Македонија зафаќа површина од 25.713 км/2. Според големината на територија која ја зафаќаат горенаведените општини, нешто над 5800 км/2.

За разлика од општините во кои има поголеми градови за македонски услови, ситуацијата во руралните општини е уште полоша и тие се целосно занемарени, посебно ако се анализира бројот на жители во истите населени места кои воопшто не добиваат информации за нивните заедници.

На пример, Општина Боговиње во северозападна Македонија, според Пописот од 2021 година, брои 22.906 жители, но нема ниту еден локален медиум кој известува за нивната заедница. Според истиот попис во Македонија живеат вкупно 1,8 милиони жители.

Општина Чашка се вбројува во трите најголеми општини во Македонија според територија, но и нејзините 7.942 жители не се информирани за проблемите во локалната заедница.

Слична е ситуацијата и во Општина Босилово која се простира на 143 км/2 и има 14.260 жители, но нема локален медиум.

Слични рурални општини во Македонија во кои нема локални медиуми се: Брвеница (15.855 жители), Василево (12.122), Врапчиште (25.399), Градско (3760), Дебрца (5.507), Долнени (13.568), Желино (24.390), Зелениково (4.077), Илинден (15.894 жители), Јегуновце (10.790), Конче (3.536), Кривогаштани (6.150), Липково (27.058), Лозово (2858), Маврово и Ростуше (8618), Могила (6.710), Новаци (3549), Ново Село (11567), Петровец (8.255), Пласница (4545), Ранковце (4144), Росоман (4141), Сарај (35.408), Сопиште (5656), Старо Нагоричане (4840), Студеничани (17246), Теарце (22454), Центар Жупа (6519), Чешиново-Облешево (7490), Чучер-Сандево (8493).

Овие општини се простираат на територија од 8.827 квадратни километри, а во нив живеат 375.707 жители.

Ако се собере бројот на жители во малите градови и руралните општини, како и површината на која се распространети, се добива бројка од 486.000 жители кои живеат на територија од нешто помалку од 15.000 км/2. Оттука

може да се заклучи дека над 60 отсто од територијата на Република Северна Македонија е медиумска пустина и дека повеќе од една четвртина од населението не добива информации за својата локална средина.

Ситуацијата може да се гледа од уште понегативен аспект, ако земеме предвид дека и националните медиуми многу ретко известуваат за овие општини, што е далеку од доволно за граѓаните од овие региони да бидат барем минимално информирани и да располагаат со сериозни, професионални и објективни информации за да можат да носат информирани одлуки.

## СО ШТО СЕ СООЧУВААТ ЛОКАЛНИТЕ НОВИНАРИ?

Еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат и оние малку локални новинари е финансиската несигурност, а се чини дека локалните самоуправи намерно прават сѐ што е во нивна моќ за да им ја отежнат работата на новинарите.

Ова се само дел од причините за создавање на медиумските пустини. Од разговори со новинари од Крива Паланка, Берово, Кичево, Гевгелија, може да се заклучи дека централизацијата на новинарски редакции во поголемите градови или во Скопје, немањето дописнички мрежи во помалите места, како и појавата на социјалните мрежи се причина да се создадат медиумски пустини во кои граѓаните, посебно оние повозрасните буквално нема од каде да се информираат за локалните проблеми или да прочитаат некоја локална приказна.

Новинарката на онлајн медиумот „Скопјеинфо", Христина Николовска доаѓа од Крива Паланка, но работи за медиум кој покрива национални теми.

Во Крива Паланка нема локални медиуми.

- Претпоставувам граѓаните се информираат од социјалните мрежи, во прв ред Фејсбук, со оглед дека нема локален медиум. Во Крива Паланка има дописник за МИА така што за дел од настаните и случувањата во градот граѓаните може да дознаат преку интернет порталите кои ќе ја преземат конкретната вест за Крива Паланка (меѓутоа, тоа се најчесто информативни и афирмативни прилози за градот) – вели Николовска.

Централизацијата на новинарските редакции во поголемите градови, во случајов Куманово е проблем за известувањето од Крива Паланка, објаснува

Христина.

- Да, несомнено. Новинарски редакции има во поголемите градови, а во помалите градови и рурални места нема ниту дописници. Конкретно во близина на Крива Паланка е Куманово и таму има неколку локални и регионални медиуми, но тие ретко известуваат за Крива Паланка и околните рурални места. Крива Паланка, во овој конкест, во вистинска смисла на зборот е медиумска пустина, додава новинарката.

Но, што значи загубата на локалните медиуми и локалните приказни за овие мали места? Од разговори со дел од граѓаните, Христина заклучила дека во Паланка е потребен локален медиум.

- Од разговори со дел од граѓаните на Крива Паланка, особено повозрасните категории, јасно е дека им недостига локален медиум. Таков медиум имаше пред некои 8-9 години, локална телевизија „Златен канал“ и може да се каже дека повеќето велат дека им недостига токму овој медиум. Приказните можеби оние поинтересните на некој начин успеваат да се пробијат во дел од блоговите на инфлуенсери или на регионалните и/или националните медиуми, но тоа сепак е ретко, вели Николовска и додава:

На пример, еднаш во два, три месеци ќе има приказна од овој град. Инаку, според мене, многу малку се дебатираат проблемите на самите граѓани, во смисла медиумски да се разработат и презентираат пред јавноста. Загубата значи недоволна информираност кај јавноста што носи ризик од половични информации, дезинформации, апатичност за општествена одговорност... – анализира Николовска.

Младиот новинар Иван Стојановски доаѓа од општина Берово. Вели дека граѓаните од неговата локална заедница за проблемите се информираат преку локалниот онлајн медиум „Малеш Нет“.

- Но, не секој еден граѓанин, особено постарата популација користи социјални мрежи, а со тоа не се во можност да го следат и самиот медиум Малеш Нет. Токму овде настанува и проблемот за информираноста. Втор проблем за неинформираноста на граѓаните се централизацијата на медиумите и малиот број на локални медиуми. Самата централизација доведува до момент каде имаме непокривање на локални прашања кои се многу важни за една локална заедница, а со самото непокривање на такви прашања, заедницата останува неслушната – анализира Стојановски.

Загубата на локалните медиуми е од поголемо значење од тоа што му се придава на овој проблем. Малите општини кои немаат свои локални медиуми се изложени на неинформираност на граѓаните за важни настани, одлуки и решенија кои ги имаат донесено локалните власти.

- Со самото недоволно информирање за вакви важни теми се доаѓа до

моментот и на намалена транспарентност и одговорност на локалната власт, бидејќи кога нема медиуми кои ја следат работата на локалната власт, тогаш се зголемува ризикот за корупција и злоупотреба на фукнцијата. - додава Стојановски.

Илија Таневски, искусен новинар и сопственик на радио „Александар Македонски" од Кичево вели дека покрај информирањето од локалните медиуми граѓаните во неговата заедница сè почесто ги користат социјалните мрежи и онлајн медиуми како извор на добивање информации кои во повеќе случаи се непроверени и неточни.

- Општина Кичево и околината, како и Македонски брод се соочуваат со феноменот наречен медиумска пустина. Ако продолжи трендот на затворање на локалните медиуми се создава простор на проток на непроверени информации кои штетно влијаат во секој сегмент на животот на граѓаните – анализира Таневски.

## СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ СЕ НОВИТЕ ЛОКАЛНИ МЕДИУМИ

А ако нема локални приказни и локални медиуми, ќе исчезне и гласот на граѓаните во тие населени места.

Во недостиг на релевантни извори на информации граѓаните сè почесто се информираат преку социјалните мрежи и како што заклучија колегите Христина Николовска, Иван Стојановски и Илија Таневски, тоа значи дека граѓаните стануваат поподложни на дезинформации.

Со информирање преку социјалните медиуми, се зголемува можноста за корупција на општинско ниво и се намалува довербата во институциите затоа што ги нема локалните медиуми чија задача е да им дишат во врат на оние кои ги носат одлуките во заедницата.

Ова значи дека локалните и регионалните медиуми се важен столб на секое демократско општество и дека нивното исчезнување е голема загуба, не само за локалната средина туку воопшто.

Оние локални медиуми кои успеаја колку толку да се одржат во живот, мигрираа во онлајн просторот кој од економски аспект им нуди поевтина и побрза можност да ја пренесат информацијата до сограѓаните нудејќи им пристап до своите архиви.

Некои медиуми во борбата за опстанок одат дотаму што ги охрабруваат

граѓаните во заедницата да им бидат репортери и да известуваат за вести кои потоа медиумот ги објава како генерирани содржини од публика на своите страници на социјалните медиуми.

Некои локални и регионални медиуми ја шират својата уредувачка содржина на нивните канали на социјалните медиуми.

Покрај тоа, постојат популарни групи на социјални медиуми каде што локалните заедници известуваат и дискутираат за информации релевантни за заедницата. Во некои области, вклучувајќи ги и руралните области и населбите, некои од овие групи се особено ефикасни во комуникацијата и дискусијата за локални прашања. Во други области, учесниците се попасивни.

Вообичаено, содржината на таквите групи е многу еклектична во однос на медиумската содржина, генерирана од корисниците. Сепак, тука процесот на дезинформирање е неизбежен.

Генерално, ваквите иницијативи се само делумно успешни и не се целосно ефикасни во справувањето со проблемите поврзани со обезбедувањето локални вести.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Во недостиг на каква било стратегија, ситуацијата во Македонија само ќе се влошува, а со тоа и опасноста дека медиумските пустини во земјава во скора иднина ќе бидат во пораст. Граѓаните, иако преплавени во морето информации на социјалните мрежи, ќе останат жедни за локални приказни и информации.

Локалните медиуми во Македонија сè уште можат да соберат многу повисоки нивоа на доверба во споредба со националните медиуми. По истата логика, падот на локалните медиуми може да придонесе за недостаток на доверба во новинарството и слабеење на демократските процеси на локално ниво, што дополнително го влошува ширењето на дезинформации.

А, дезинформацијата лесно може да ја пополни празнината предизвикана од недостатокот на независни локални вести. Како што локалните вести исчезнуваат, луѓето се свртуваат кон алтернативни извори, често водени од алгоритмите на социјалните мрежи кои наместо да ги поддржуваат локалните медиуми, би можеле да придонесат за ширење на дезинформации и предизвикуваат локална социјална поделба.

Недостигот на правовремени, објективни и професионални новинарски

извештаи со локална содржина претставува опасност за создавање недоволно информирани граѓани, некритички настроена јавност, а со тоа и потенцијал за намалување на демократските капацитети на општеството, односно државата. Без професионални чувари на јавниот интерес, тешко е возможно развивање на демократијата и нејзин напредок.

Еден од начините да се спречи подемот на медиумски пустини во Македонија е **вмрежување на локалните медиуми** во база која гарантира квалитетно, објективно и вистинско новинарство.

Еден позитивен пример е Универзитетот „Гоце Делчев" кој започна со работа на проект финансиран од програмата на Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA) насловен како „Колаборативна алијанса за обновување на радиото и зајакнување на медиумите на заедницата во територии со мала густина" (NEWAVES).

Идејата за проектот се родила од потребата за справување со предизвиците на локалните и регионални радија лоцирани во области со мала густина на население. Соочени со недостиг на финансиски средства и вести од интерес за нивната публика, радијата се соочуваат со пречки што доведува до нивно гаснење.

„NEWAVES" е проект за вмрежување и за размена на најдобри практики помеѓу локалните радија, новинарите и комуникација на експерти од високообразовните институции со цел да ја зголемат одржливоста, иновативноста и креативноста во производството на квалитетна и привлечна радиопрограма.

## Субвенции за локални и регионални медиуми

Претставниците на локалните и на регионалните телевизии, со години наназад посочуваат на лошата финансиска состојба на локалните медиумски пазари во државава, поради што трпи и квалитетот на нивната работа, а во многу случаи е загрозен и нивниот опстанок.

Тие укажуваат на потребата државата да најде начин, преку транспарентни и независни механизми да обезбеди субвенционирање на медиумите од помалите заедници, кои не можат да опстојат на пазарот со што би се намалил и ризикот од понатамошно ширење на медиумските пустини.

Подемот на медиумските пустини е загрижувачки тренд, бидејќи пристапот до квалитетни локални вести е од клучно значење за животот на заедницата, информираното донесување одлуки и здравјето на демократските системи.

Не постои единствено решение. За да се спречи загубата на локалните вести и приказни, потребно е развивање на различни новинарски и деловни стратегии. Решавањето на проблемот бара пристап кој вклучува:

- Идентификување области кои се без локални вести или се во опасност да ги загубат.

- Дизајнирање политики и стимулации на државно и национално ниво за справување со нееднаквоста и достапноста на вестите во овие заедници.

- Зголемување, како и пренасочување, вложување и филантропско финансирање кон новински организации кои се обидуваат да достават веродостојни локални вести и информации до жителите во медиумските пустини.

## Препораки за намалување на медиумските пустини

**Непрофитни новински организации:** Некои непрофитни организации и фондации имаат програми за поддршка на локалното новинарство со финансирање локални новински иницијативи или создавање нови модели за одржливо известување.

**Модели за заедничко новинарство:** Регионалните соработки помеѓу редакциите или партнерствата помеѓу локални, национални и независни медиумски организации можат да ги здружат ресурсите за одржување на покривањето на локални вести.

**Владини или политички интервенции:** Некои се залагаат за владини субвенции, даночни олеснувања или други форми на јавна поддршка за да помогнат во одржувањето на локалното новинарство во недоволно загрозените области.

**Измени на законската регулатива** која се однесува на радиодифузната дејност за медиумите кои користат национални концесии, а земајќи го предвид фактот дека вршат работа од јавен интерес и користат јавно добро, да бидат обврзани да имаат јасно утврдена дописничка мрежа со цел покривање на осумте плански региони во државата.

**Професионалните новинарски организации**, како ССНМ, поактивно да соработуваат со новинарите и медиумските работници, како и со локалните медиуми со цел воспоставување основи за помош, обуки за собирање на средства, ресурси за одржливост и други модели за помош на локалното и регионалното новинарство.

С С Н М

www.ssnm.org.mk